РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	01.02.2024		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредност
19	111/3		

До: Општина Новаци
(имател на информацијата)

Арх.бр.10-103/51 од 28.12.2023.

БАРАЊЕ

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Дали општината организирала консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?**

☐ **да**
☐ **не**

2. **Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете го типот на сите консултации со граѓани кои се спроведени од вашата општина заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?**

Ве молиме бараните информации да бидат организирани на следниов начин:

Консултации со граѓани организирани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година					
Наведете го типот на организирани консултации со граѓани	**Датуми на организирање на консултациите со граѓани:** (Наведете ги сите за секој поединечен тип)	**Локации на одржување на консултациите со граѓани** (Наведете ги сите за секој поединечен тип. Доколку се онлајн наведете го линкот до локацијата):	**Бројот на лица кои учествувале на консултациите разделени по пол:** Наведете податоци за секој поединечен тип		
			ВКУПНО	**Жени**	**Мажи**
Референдум					
Собир на граѓани					
Предлози на граѓани					
Јавни трибини/дебати/расправи					
Анкети					
Собир на месна/урбана заедница					
Форуми во заедниците					
Буџетски форуми					
Други форми на консултации:					

[redacted]

(опис на информацијата која се бара)

3. **Дали општината изготвува записници/извештаи од организирани консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?**

☐ да
☐ не

4. **Доколку одговорот е ДА, ве молиме да ги доставите записниците/извештаите од организираните консултации со граѓани заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го обра[redacted]но да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап д[redacted]ер.

Во Скопје, 27.12.2023 година _____

(доколку бара[redacted]

[redacted]

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/3
07.02.2024 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел/фах 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за инфорации од јавен карактер наш број 19-111/3 од 01.02.2024 г, Општина Новаци Ви ги доставува следните барани информации

1. **Дали општината организирала консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?**

X да
☐ не

2. **Доколку одговорот е ДА, ве молиме наведете го типот на сите консултации со граѓани кои се спроведени од вашата општина заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?**

Ве молиме бараните информации да бидат организирани на следниов начин:

Консултации со граѓани организирани заради планирање на општинските програми и буџет за 202 година					
Наведете го типот на организирани консултации со граѓани	**Датуми на организирање на консултациите со граѓани:** (Наведете ги сите за секој поединечен тип)	**Локации на одржување на консултациите со граѓани** (Наведете ги сите за секој поединечен тип. Доколку се онлајн наведете го линкот до локацијата):	**Бројот на лица кои учествувале на консултациите разделени по пол:** Наведете податоци за секој поединечен тип		
			ВКУПНО	**Жени**	**Ма**
Референдум	**не**				
Собир на граѓани					
Предлози на граѓани		**Преку web страната на општината https://opstinanovaci.gov.mk/**			
Јавни трибини/дебати/расправи					
Анкети					
Собир на месна/урбана заедница	**04.12.2023** **11.12.2023**	**С.Добромири** **С.Новаци**	**25** **50**	**4** **6**	**21** **44**

	05.12.2023	С.Гермијан	20	2	18
	05.12.2023	С.Бач	14	0	14
	03.12.2023	С.Живојно	18	3	15
	03.12.2023	С.Горно и Долно Агларци	25	4	21
	04.12.2023	С.Далбеговци	18	2	16
Форуми во заедницата					
Буџетски форуми					
Други форми на консултации:					

(опис на информацијата која се бара)

3. **Дали општината изготвува записници/извештаи од организирани консултации со граѓани заради планирање на општинските програми и буџет за 2024 година?**

☐ **да**

X не

4. **Доколку одговорот е ДА, ве молиме да ги доставите записниците/извештаите од организираните консултации со граѓани заради планирање на програмите и буџетот за 2024 година?**

Сите доставени предлози ,одделно во хартиена форма се доставени до Градоначалникот.

Изработил:Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Примено: 15.11.2024
Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност
19 | 11-1/44

До: **ОПШТИНА НОВАЦИ**
(имател на информацијата)

БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ___/_____
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Во врска со решението - одговор на барање информации од јавен карактер доставен од Државно правобранителство ПИ.бр.21/24 од 30.09.2024.год., во кое е наведено дека единицата на локалната самоуправа е надлежна за спроведување на експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110 (сите парцели се наоѓаат во катастарската општина Долно Орехово, катастарско одделение Битола) за кои е побарана информација, а низ кој минува регионалниот пат од прва категорија Р1311 и одговорот на барањето на информации од јавен карактер од Општина Битола – Одделение за имот и имотно правни работи бр.11-118/2 од 09.10.2024.год. во кое е наведено дека наведените парцели припаѓат на катастарска општина која не е во надлежност на Општина Битола, од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Зошто предлогот за експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110 (сите парцели се наоѓаат во катастарската општина Долно Орехово, катастарско одделение Битола) не е поднесен од единицата на локалната самоуправа – Општина Новаци и кој е одговорен за пропустот. Дали граѓаните преку суд треба да ги остварат своите права загарантирани со устав и со тоа предизвикаат непотребни трошоци во вид на ангажирање адвокати, судски преведувачи и вештаци, а кои ќе паднат на товар на буџетот на Република Северна Македонија и дали во вакви случаи некој е одговорен за оштетување на буџетот.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

[redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/45
04.11.2024 год
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 14.10.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со спроведување на експропријација за парцели КП 82, КП 172, КП 404 и КП 1110 за КО Долно Орехово , **се уважува**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], Ви ја доставуваме информацијата во врска со спроведување на експропријација за парцели КП 82, КП 172, КП 404 и КП 1110 за КО Долно Орехово .

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 14.10.2024 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 15.10.2024 година под архивски број 19-111/44 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 04.11.2024 година, под бр.19-111/45.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-1111/46
04.11.2024 год.
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

Во врска со Вашето барање информации од јавен карактер , а по доставеното решение- одговор на барање информации од јавен карактер доставен од Државно правобранителство ПИ.бр.21/24 од 30.09.2024 год., во кое е наведено дека единицата на локалната самоуправа е надлежна за спроведување на експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110, за кои е побарана нформација, а низ кој минува регионалниот пат од прва категорија Р1311 (Зошто предлогот за експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110, не е поднесен од единицата на локалната самоуправа – Општина Новаци и кој е одговорен за пропустот), Ви ја даваме следната информација:

- Регионалниот пат Р1311 е пат од прва категорија од Новаци до РЕК Битола – с.Д.Орехово до с.Маково е изграден доцните 80-ти години или раните 90-ти години на минатиот век (20- ти век) од страна на Македонија пат. Општина Новаци беше формирана со Законот за територијална поделба на Република Македонија и определувањето на подрачјата на единиците на локалната самоуправа во 1996 г. , така што Општина Новаци не поседува никаква техничка документација , затоа што Општина Новаци воопшто не постоела како општина при изградбата на овој регионален пат. Територијата на сегашната Општина Новаци припаѓала на Општина Битола.
- Согласно гореизнесеното, информации во врска со Вашето барање може да добиете од Јавно претпријатие за државни патишта на РС Македонија и ЈП Македонија пат-Подрачна единица Битола.

Изработил:
Благојче Бежановски дги
Советник-за комунални дејности и инфраструктура
Општина Новаци

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Дел.бр: 27.09.2024
Број: 19 111/37

(Образец ПП……)

До: Општина Новаци

(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Број на жени градоначалнички, директорки на ЈП, основни и средни училишта, како други установи под надлежност на општината од 2014 година до 2024 година. **Молам податоците да бидат пополнети во табелата која е во прилог на ова барање.** Податоците се потребни за да се направи првата анализа и документ за јавна политика за учество на жените на извршни позиции во периодот од 10 години.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис -** [redacted]
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил - електронски запис -** [redacted]
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

[redacted], **26.09.2024 година.**

_____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/41
15.10.2024 год
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот [redacted] , поднесено на 26.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со информации за учество на жените на извршни позиции во периодот од десет години во Општина Новаци , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме информацијата во врска со учеството на жените на извршни позиции во периодот од десет години во Општина Новаци .

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 26.09.2024 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 27.09.2024 година под архивски број 19-111/37 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Табела

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 15.10.2024 година, под бр.19-111/41.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија Општина Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/42
15.10.2024 год
Новаци

Потребни податоци/години
број на жени **градоначалнички**
во која општина била гардоначалничка
возраст
образование ВСС, Магистар, Доктор на науки
вид на образование - факултет/универзитет
временски период во кој била градоначалничка (колку години била на таа функција) (од -до)
партиска припадност
број на жени **директорки на Јавни претпријатија** назначени од гардоначаник/Совет на општина
во кое јавно претпријатие била назначена за директорка
од која општина/совет на општина е назначена
возраст
образование ВСС, Магистар, Доктор на науки
вид на образование - факултет/универзитет
временски период во кој била директорка (колку години била на таа функција) (од -до)
партиска припадност

број на жени **директорки на основни училишта** назначени од гардоначаник/Совет на општина
број на жени **директорки на средни училишта** назначени од гардоначаник/Совет на општина
во кое училиште била назначена за директорка
од која општина/совет на општина е назначена
возраст
образование ВСС, Магистар, Доктор на науки
вид на образование - факултет/универзитет

временски период во кој била директорка (колку години била на таа функција) (од -до)
партиска припадност
број на жени **директорки на други претпријатија/установи** назначени од гардоначаник/Совет на општина
во кое јавно претпријатие била назначена за директорка
од која општина/совет на општина е назначена
возраст
образование ВСС, Магистар, Доктор на науки
вид на образование - факултет/универзитет
временски период во кој била директорка (колку години била на таа функција) (од -до)
партиска припадност

2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023	2024
0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
1	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0
0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
ОУ Славко Лумбарковски-Новаци	ОУ Славко Лумбарковски-Новаци									
Општина Новаци	Општина Новаци									
55	56									
ВСС	ВСС									
Македонски јасики книжевност-Скопје	Македонски јасики книжевност-Скопје									

2006-01.2015	1.2									
ВМРО ДПМНЕ	ВМРО ДПМНЕ									
0	0	0	0	0	0	0	1	1	1	1
							ЈОУ ДГ Бамби - Нова ци	ЈОУ ДГ Бамби - Нова ци	ЈОУ ДГ Бамби - Нова ци	ЈОУ ДГ Бамби - Нова ци
							Општина Нова ци	Општина Нова ци	Општина Нова ци	Општина Нова ци
							49	37	38	39
							ВСС	Маги стар	Маги стар	Маги стар
							Пед агош ки факу лтет-Бито ла	Меѓу наро ден слав јанск и унив ерзи тет-Бито ла	Меѓу наро ден слав јанск и унив ерзи тет-Бито ла	Меѓу наро ден слав јанск и унив ерзи тет-Бито ла
							01.12.2020-03.08.2021	04.08.2021-31.09.2024	04.08.2021-31.09.2024	04.08.2021-31.09.2024
							/	СДСМ	СДСМ	СДСМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Примено: 20.09.2024
Орг. ед. | Број: | Прилог | Зредност
19 | 111/30

(Образец ПП……)

До: Општина Новаци
(имател на информацијата)

БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл. 17 од Законот за животната средина? Ако има пропишано посебни постапки доставете ни примерок (како документ или линк од веб страницата)?
2. Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина *(чл. 45 ст. 5 од Закон за животната средина)*? Ако да, ве молиме доставете ни го последно донесениот извештај?
3. Дали општината ги исполнува условите за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола? *(чл. 123 од Закон за животната средина)*?
4. Дали општината има вработено овластени инспектори за животна средина на општината? Ако да, колку овластени инспектори има?
5. Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животната средина? Ако е формирана кој ја сочинува, кога е формирана и што влегува во делокругот на работа?
6. Дали општината има донесено локален акционен план за животната средина согласно чл. 60 од Закон за животната средина? Ако има донесено, ве молиме доставете ни примерок од документот. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации? Кој го сочинува телото за следење на имплементацијата на ЛАП-от за животна средина?
7. Дали општината има усвоено Локална агенда 21 како локален документ за одржлив развој согласно чл. 186 ст. 3 и 4 од Законот за животната средина? Ако да ве молиме да ни доставите примерок. Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организации?
8. Дали на територијата на општината постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата? Ако има доставете листа од заштитените подрачја
9. Дали во општината е формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање? Ако е формирано кој го сочинува? Дали во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години?
10. Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет? Ако е формиран кој го сочинува и споделете одговорно лице за контакт.
11. Дали општината има донесено локална стратегија за млади и/или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.

[redacted] [redacted]

12. На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?
13. Доколку Општината располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината ве молиме да ја споделите.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

[redacted], 19.9.2024 година _____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/38
09.10.2024 год
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Македонско здружение на млади правници- Скопје , поднесено на 19.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со информации за животната средина , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме информацијата во врска со животната средина и учество на младите во креирањето на политики на локално ниво.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 19.09.2024 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 20.09.2024 година под архивски број 19-111/30 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 09.10.2024 година, под бр.19-111/38.

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија Општина Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/39
09.10.2024 год
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1. Дали општината има пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесување на одлуки кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл.17 од законот за животна средина? Ако има пропишано посебни постапки доставете ни примерок?

-Општината нема пропишано посебни постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесување на одлуки кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл.17 од законот за животна средина .

2. Дали општината има изработено извештај за состојбата на животната средина (чл.45 ст.5 од Закон за животната средина)? Ако да , ве молиме доставете ни го последно донесениот извештај?

- Општина Новаци нема изработено извештај за состојбата на животната средина .

3. Дали општината ги исполнува условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола(чл.123 од Закон за животната средина?

- Општината ги исполнува условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола(чл.123 од Закон за животната средина).

4. Дали општината има вработено овластени инспектори за животна средина на општината? Ако да, колку овластени инспектори има?

- Во општина Новаци во тек е постапка за добивање на лиценца за еден административен службеник распореден на работно место Советник-овластен инспектор за животна средина.

5. Дали во рамки на општината е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина во смисла на член 34 од Законот за животна средина? Ако е формирана кој ја сочинува , кога е формирана и што влегува во делокругот на работа?

- Во рамките на општината не е формирана локална мрежа за мониторинг на животната средина.

6. Дали општината има донесено локален акционен план за животната средина согласно чл.60 од Закон за животната средина? Ако имате донесено ве молиме доставете и примерок од документот. Дали во изработката учевствуваа лица под 30 години ли младински организации? Кој го сочинува телото за следење на имплементацијата на ЛАП-от за животна средина?

- Општината нема донесено локален акционен план за животната средина согласно чл.60 од Закон за животната средина, има донесено локален акционен план за управување со отпад.

https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/LAP-NOVACI_MK-Final.pdf

7. Дали општината има усвоено Локална агенда 2021 како локален документ за одржлив развој согласно чл. 186 ст.3 и 4 од Законот за животна средина? Ако да ве молиме да ни доставите примерок.Дали во изработката учествуваа лица под 30 години или младински организции?

- Општина Новаци нема усвоено Локална агенда 2021 како локален документ за одржлив развој согласно чл. 186 ст.3 и 4 од Законот за животна средина.

8. Дали на територијата на општината постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата? Ако има доставете листа од заштитени подрачја.

- На територијата на општината не постои заштитено подрачје согласно Законот за заштита на природата.

9. Дали во општината има формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање? Ако е формирано кој го сочинува? Дали во партиципативното тело учествуваат лица под 30 години?

- Во општината има формирано партиципативно тело за урбанистичко планирање (Согласно членот 46 од Законот за урбанистичко планирање), истото тело го сочинуваат сите претседатели на месни организации од општина Новаци.

10. Дали во рамки на општината е формиран локален младински совет? Ако е формиран кој го сочинува и споделете лице за контакт.

- Во рамките на општината е формиран локален младински совет, меѓутоа истиот е со истечен мандат. Во моментов треба да започне постапка за формирање на нов локален младински совет.

11. Дали општината има донесено локална стратегија за млади и/или акциски план? Ако да ве молиме споделете го документот.

- Општина Новаци има донесено локална стратегија за млади 2024-2028 година.Истата е објавена на Web страната на општина Новаци (ви го доставуваме линкот).

https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/Lokalna-strategija-za-mladi-Novaci.pdf

12. На кој начин општината обезбедува учество на претставници на младите во креирањето политики на локално ниво?

- *Општина Новаци активно ги вклучува младите во креирањето и донесување на политики на локално ниво преку покани и учество на младите на разни форуми и настани на кои се прибираат мислења и се донесуваат одлуки , за изработка на разни проекти, донесување на буџет и сл.*

13. Доколку Општината располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината.

- *Општина Новаци не располага со листа на активни граѓански организации кои работат и дејствуваат во рамки на општината.*

Службено лице за посредување при
остварување на правото на слободен пристап до
информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Примено: 06.09.2024
Орг. ед. | Бр. | Прилог | Вредност
19 | 111/29

[redacted]

До: Општина Новаци
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е
за пристап до информации од јавен карактер

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме да ни ги доставите следните информации:

1. Имињата и поединечните износи што им се исплатени на ангажираните домашни и странски пејачи, групи и изведувачи за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година и за периодот од 01.01.2024 до 31.08.2024 година.

2. За секоја од горе побараните исплати наведете колкав дел од исплатениот износ бил од буџетот на општината, а колкав дел бил од донации и/или спонзорства од фирми и поединци, со наведување на имињата на донаторите и/или спонзорите и нивниот поединечен износ за секоја исплата.

3. Наведете го датумот и манифестацијата на која настапувале ангажираните домашни и странски пејачи, групи и изведувачи за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година и за периодот од 01.01.2024 до 31.08.2024 година.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- (г) е-маил
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

[redacted]

Во Скопје

Датум: 05.09.2024 година

Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр 19-111/34
25.09.2024 год
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот Центар за граѓански комуникации, Скопје , поднесено на 06.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер [redacted], **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од Центар за граѓански комуникации, Скопје имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме бараната информацијата.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.09.2024 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 06.09.2024 година под архивски број 19-111/29 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 25.09.2024 година, под бр.19-111/34.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија • Општина Новаци •

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/35
25.09.2024 год
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1. Имињата и поединечните износи што им се исплатени на ангажираните домашни и странски пејачи, групи и изведувачи за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година и за периодот од 01.01.2024 до 31.08.2024 година?

- „Фестивалот на жетвата" е манифестација која за се одржа на 21 и 22 јули 2023 година во Општина Новаци

Советот на Општина Новаци со одлука број 14 - 464/8 од 13.06.2023 година за организирање на манифестацијата „Фестивал на жетвата" додели средства во висина од 600.000,00 денари.

Вкупниот износ на донации од приватните фирми учесници на манифестацијата „ Фестивал на жетвата" според склучени договори за спонзорство изнесува 408.000,00 денари

Мерак Меана		345.698,00
Група К4		29.230,00
Детскиот дел од уметничката програма на манифестацијата Кловн Заги		6.746,00
Гоце Илиевски Светлечката Балерина и магичниот спајдермен		13.491,00
Влатко Лозаноски		207.399,00

Со Одлука одобрени се финансиски средства во нето износ од 700 000,00 денари, за организирање на „Фестивалот на жетвата", што се одржа на 19 и 20 јули 2024 год., кај манастирот Рождество на Пресвета Богородица во Новаци.

Спасен Силјановски		138.954,00
Детскиот дел од уметничката		

програма на манифестацијата Кловн Диши – Ѓорѓија Ѓорчевски		8.994,00
Група К4 Софија Манева		33.727,00
Сашо Ристовски –детска претстава Разгалениот принц		33.727,00
Изабела Јакимовска – детска претстава Љупка и Љубица		20.236,00
Горан Кукиќ		152.850,00
Стојне Николова		104.216,00

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Поповска Талевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
Број: 05.09.2024
19 111/28

(Образец ПП……)

До: Општина Новаци
Новаци, РС Македонија
Ирена Поповска Талевска - службено лице задолжено за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер
e-mail: infojavenkarakter@opstinanovaci.gov.mk
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), и согласно член 51 од Законот за животна средина, од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам да ме информирате во врска со состојбата со следните документи, кои се обврзни согласно националното законодавство и општината треба да ги поседува. Некои од подолу наведените документи не се законски обврзни, но законот дава можност општината да ги изработи, усвои и реализира.

Согласно член 56 од Законот за животна средина, Субјекти кои поседуваат информации за животната средина (каде се вбројуваат и ЕЛС), се должни, во зависност од нивната надлежност, информациите за животната средина со кои располагаат или кои други ги чуваат во нивно име, да обезбедат ширење, достапност на јавноста и одржување на информациите, во форми и во формати кои можат лесно да се репродуцираат и да бидат достапни преку мрежите на електронска комуникација.

1. Дали е изработен ЛЕАП за Општина Новаци за тековниот период, и доколку не е изработен, ве молиме да не информирате, дали ЛЕАП е во изработка, кога ќе се изработи и кои се членовите на локалниот комитет?
2. Дали имате изработено План за квалитет на амбиентален воздух за општина Новаци? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
3. Дали е изработен акционен план за бучавост за општина Новаци? Доколку овој документ е изработен ве молиме да ни го доставите, доколку не е, бараме информација до каде е неговата изработка и кога се планира да биде изработен?
4. Доколку е изработена Стратегија за управување со климатски промени за Општина Новаци ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
5. Доколку е изработена Програма за енергетска ефикасност на Општина

Новаци ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена програмата?

6. Доколку е изработена Стратегија за одржлив развој за Општина Новаци ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
7. Доколку е изработена Стратегија за локален рурален развој за Општина Новаци ве молиме да ни ја доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработена стратегијата?
8. Дали имате изработено План за ерозија за општина Новаци? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
9. Дали имате изработено План за стопанисување со шуми за општина Новаци? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
10. Дали имате изработено План за уредување на речни корита за општина Новаци? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
11. Дали имате изработено План за заштита од природни непогоди за општина Новаци? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку не, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?
12. Дали општина Новаци има изработено Катастар за животна средина? Доколку имате ве молиме да ни го доставите, доколку немате, ве молиме да не информирате до каде е постапката за негово изработување?
13. Доколку е изработен Извештај за состојбата со животната средина во Општина Новаци ве молиме да ни го доставите? Доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен извештајот?
14. Доколку е изработен План за управување со заштитените подрачја во рамките на Општина Новаци ве молиме да ни го доставите, доколку не е, ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/31
24.09.2024 год
Новаци

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019) постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 05.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Новаци го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со информации за животната средина , **се уважува**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Новаци , Ви ја доставуваме информацијата во врска со животната средина.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.09.2024 година, заведено во архивата на Општина Новаци на 05.09.2024 година под архивски број 19-111/28 , која е во согласност со член 10 од законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информаци од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Новаци на 24.09.2024 година, под бр.19-111/31.

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Ирена Поповска Талевска

Република Северна Македонија Општина Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-111/32
24.09.2024 год
Новаци

-И Н Ф О Р М А Ц И Ј А-

1. Дали е изработен ЛЕАП за Општина Новаци за тековниот период, и доколку не е изработен, ве молиме да не информирате, дали ЛЕАП е во изработка, кога ќе се изработи и кои се членовите на локалниот комитет?

- ЛЕАП за Општина Новаци за тековниот период не е изработен и сеуште не е во фаза на изработка.

2. Дали имате изработено План за квалитет на амбиенталниот воздух за општина Новаци? Доколку имате ве молиме да ни доставите, доколку не , ве молиме да не информирате кога ќе биде изработен?

